## Што е восочна табличка?

Восочната табличка како материјал за пишување има мошне долга историја. Нејзината употреба започнува во периодот пред раѓањето на Христа, низ средновековието па сè до XIX век. По облик таа е правоголна табличка правилно издлабена и врамена со подигнат раб од сите четири страни. Била изработувана од разни материјали, од дрво, слонова коска, метал или кристал. Во неа бил излеан восок, а врз стегнатиот восок се







пишувало со писалка наречена стилус (*stylus*). Стилусот бил направен од метал, дрво или слонова коска и имал две страни. Едниот крај бил заострен и служел за пишување, односно гребење врз восокот, а другиот крај бил плоснат и служел за израмнување на восокот. Овие таблички се употребувале во црквата, во манастирските училишта но и во секојдневниот живот за пишување на разни белешки, сметки, трговски договори, писма и др.





**Египетски натпис на дрво**





**Сумерски натпис на глинени плочки**

Mythos е под заштита на Creative Commons.
Сопственост на Ненад Начковски.